Врз основа на член 59, 60, 61 и 63 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25)

**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„ТИХОМИР МИЛОШЕВСКИ”– СКОПЈЕ, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

објавува

# О Г Л А С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ УЧЕНИЦИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

## ВО УЧЕБНАТА 2025 / 26 ГОДИНА

⁕ За учебната 2025/26 год. во прво одделение запишуваме деца кои се родени во 2019 година, што до крајот на календарската 2025 година ќе наполнат шест години. Исто така, детето може да биде запишано во прво одделение ако е родено во јануари 2020 година, кое до 31.01.2026 година ќе наполни шест години, по претходно барање од родителот / старателот и добиено мислење од педагошко-психолошката служба во училиштето.

⁕ **ЗАПИШУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ПЕРИОД 02.05.2025 до 30.05.2025 година. ПРЕТХОДНО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗАКАЖЕТЕ ТЕРМИН НА ТЕЛ.070 399 723 во период од 08.00-16.00 часот**

⁕ Постапката на запишување ја спроведува Комисија за запишување ученици во прво одделение.

⁕ Запишувањето ќе биде лично со доставување на потребните документи во текот на месец мај 2025 година, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот во просториите на училиштето кај педагошко – психолошката служба.

⁕ Разговорот со детето ќе се реализира во училиштето, во присуство на родител /старател.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ДЕТЕТО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ:**

⁕ ***Извод од матична книга на родени за детето (***фотокопија);

⁕ ***Медицинска потврда за примени задолжителни вакцини*** *за детето издадена од надлежна здравствена установа*;

⁕ ***Потврда за стоматолошки преглед*** *издадена од стоматолог на Јавно здравство во Поликлиника Ѓорче Петров*;

⁕ ***Потврда за извршен офталмолошки преглед*** *издадена од надлежна здравствена установа;*

⁕ ***Лични карти од двајцата родители / старатели****, како доказ за местото на живеење (фотокопија);*

⁕ *Доколку детето посетувало градинка, родителот доставува Досие на детето што е издадено при испишување на детето од градинката (најдоцна до31.08.2025 година).*

⁕ При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост, за дополнителна образовна поддршка.

⁕ При запишувањето на детето со оштетен вид и / или слух или со комплексни потреби во прво одделение, родителот / старателот може да го запише детето во основно училиште или во основно училиште со ресурсен центар, согласно проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.

⁕ Запишувањето на детето, на барање на родителот / старателот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.

⁕ За запишаните ученици во прво одделение, училиштето ќе истакне список на огласна табла во училиштето и на училишната веб страна најдоцна до 15 јуни 2025година.

**НАСТАВАТА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СЕ ОРГАНИЗИРА КАКО:**

⁕ Класична настава –2 паралелка;

⁕ Организиран продолжен престој за учениците од I-III одделение.

**УЧИЛИШТЕТО ОРГАНИЗИРА ОБРОК ЗА УЧЕНИЦИТЕ И ТОА:**

⁕ ладен оброк/ужина; топол оброк/ручек за учениците од продолжен престој.

**ВАШЕТО ДЕТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО МОЖЕ ДА ПОСЕТУВА:**

⁕ Курс по странски јазик;

⁕ Спортски активности (кошарка, фудбал, одбојка, тенис и друго);

⁕ Културно – уметнички активности.

Родителите треба да ја почитуваат реонизацијата, затоа што нашето училиште ќе запишува деца кои според адресата на живеење, припаѓаат на реонот каде што се наоѓа ООУ „Тихомир Милошевски“.

ул. „1“ бр. 62, с. Ново Село тел.
Контакт 072/206 054

WEB: оoу-тихомир милошевски-скопје.мкд
FB: Тихомир Милошевски

ДИРЕКТОР

Мр.Јулијана Максимовска